До: **ОС Кратово**
(имател на информацијата)

## **Б А Р А Њ Е**
## **за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (“Службен весник на Република Македонија бр. 13/1.2.2006 год.), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. **Вкупен број на лица на кои што им е изречена мерка на безбедност „Задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа“, во текот на 2013-2023год.**

2. **Вкупен број на лица на кои што им е запрена мерката на безбедност „Задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа“, во текот на 2013-2023год.**

(опис на информацијата која се бара)

Форма во која се бара информацијата:
- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија

✓ г) електронски запис

- д) друго ________________________________________________

(се наведува бараната форма, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс

✓ г) е-маил

- д) друго ________________________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Барател на информацијата:

[redacted]

(назив, име и презиме, адреса, тел, факс, е-маил)

Застапник/полномошник на барателот на информацијата:

[redacted]

(назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

18.03.2024 година, Скопје

ОСНОВЕН СУД КРАТОВО
СПИ.бр.6/24
20.03.2024 год.
Кратово

**ДО**

[redacted]

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на одговор по Барање информации согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер до имателот на информации Основен суд Кратово

**ВРСКА:** Ваше барање од 18.03.2024 год.

Почитувани,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр.101/2019) во прилог Ви се доставува Решението СПИ.бр.6/24 од 20.03.2024 година по бараните информации.

Со почит,

Диме Петрушевски, службено лице

ОСНОВЕН СУД КРАТОВО Република Северна Македонија * Кратово *

ОСНОВЕН СУД КРАТОВО
СПИ.бр.6/24
20.03.2024 год.
К р а т о в о

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по [redacted] барателот [redacted] поднесено на 18.03.2024 година по електронска пошта, имателот на информацијата Основен суд Кратово на ден 20.03.2024 година го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

Барањето од барателот [redacted], за пристап до информации од јавен карактер со предмет: 1.Вкупен број на лица на кои им е изречена мерка на безбедност „Задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа“ во текот на 2013-2023 год. и 2. Вкупен број на лица на кои што им е запрена мерката на безбедност „Задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа“ во текот на 2013-2023 год., СЕ УВАЖУВА.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на Барањето информации од јавен карактер поднесено од барателот [redacted] информацијата Основен суд Кратово Ви ги доставува следните информации:

1. Во Основен суд Кратово во текот на 2013-2023 год. е донесена само една одлука во 2022 година со која на едно лице му е изречена мерка на безбедност „Задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа“.

2. Во Основен суд Кратово во текот на 2013-2023 год. нема донесено одлука со која на некое лице му е запрена мерката на безбедност „Задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа“.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Основен суд Кратово на 20.03.2024 година, под СПИ.бр.6/24

По овластување на Претседателот на судот
Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
Диме Петрушевски, Судски советник

ОСНОВЕН СУД КРАТОВО
Република Северна Македонија
Кратово